РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-705/2
05.04.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот В. Е. со број 10-705/1 од 18.03.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 02.04.2024 го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од В. Е. заверено под број 10-705/1 од 18.03.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата В. Е. преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.03.2024 година заверено под број 10-705/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: таксативно сите услуги односно документи издава општината за граѓаните и правните лица.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека таксативно услугите за Сектор за Урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка, Сектор за животна средина, Сектор за финансиски прашања се објавени на официјалната веб страна на општината во делот на **е-услуги.**

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**